**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење |
| Министерство: | Министерство за култура |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Весна Илиевска, државен советник за правни работи, тел.3240-599 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 24.01.2011 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Охрид спаѓа во редот на ретките балкански градови, како што се Солун, Воден и Дирахион, кои без прекин живееле од праисториските времиња, преку античкиот и доцноантичкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, па сè до денес во период од IV век пр. н.е. до XXI век.

Богатата материјална и духовна култура на Охрид, градот го става на висок пиедестал меѓу највеличенствените споменици во светот. Тоа е оцена и на УНЕСКО, кој во 1979 и 1980 година, ценејќи го и како ретко природно и културно богатство го запишува во списокот на светското културно и природно наследство. Спомeничката целина е заштитена со Решение бр. 07-57/1 од 28.3.1968/ЗЗСК - Охрид. На 8-16.7.2006 година е донесено ново Решение бр. 30 ЦОМ 8Б.9 и променето е името во Дел од природното и културното наследство на охридскиот регион.

Со донесување на Закон ќе се уредат клучните прашања во поглед на практичните аспекти на заштита на едно конкретно заштитено добро - спомeничката целина „Старото градско јадро на Охрид“, во делот на самата идентификација на односното добро, особено во поглед на неговиот назив, категорија, граници и контактни зони, како и соодветниот режим на заштита и управувањето со предметното добро и слично. Тие прашања, во согласност со

Законот за заштита на културното наследство се препуштени на дополнително уредување со актот за заштита, односно со актот за прогласување.

Со донесувањето на Законот се заокружува неопходната правна рамка за оживотворување на уставната концепција за посебна заштита на добрата од особено културно и историско значење определени со закон, од една страна, и се создава потребната правна основа за практична примена на националниот модел на заштита на културни добра од особено значење, од друга страна.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Потребни се регулаторни мерки.

Со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ" бр. 20/04 и 115/07), меѓу другото, е утврден преоден режим во поглед на спомениците на културата што биле ставени под заштита според стари прописи.

Имено, според член 175 став 2 од Законот, спомениците на културата чие својство е утврдено со решение на надлежниот завод за заштита на спомениците на културата според прописите кои важеле до денот на примената на новиот закон, остануваат под заштита како културно наследство до денот на завршување на постапката за нивна ревалоризација. Тоа значи дека сите заштитени добра со статус на споменици на културата, стекнат врз основа на решение од надлежниот завод, сега се под преоден режим и имаат статус на некатегоризирано културно наследство, односно културно наследство што треба да биде ревалоризирано.

Во согласност со член 35 од Законот за заштита на културното наследство, надлежната јавна установа, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, подготви Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство во Охрид бр.02-50/1 од 23.1.2006 година, а Министерството за култура, преку формирање на посебна комисија обезбеди ревизија на изворниот текст на Елаборатот, давајќи одредени забелешки и насоки за доработка на Елаборатот (Извештај од 12.11.2010 година).

Изготвениот Елаборат претставува солидна стручна научна основа за донесување на соодветен акт за заштита.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Во согласност со член 35 од Законот за заштита на културното наследство, надлежната јавна установа, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, подготви Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство во Охрид бр.02-50/1 од 23.1.2006 година, а Министерството за култура, преку формирање на посебна комисија обезбеди ревизија на изворниот текст на Елаборатот, давајќи одредени забелешки и насоки за доработка на Елаборатот (Извештај од 12.11.2010 година).

Изготвениот Елаборат претставува стручна научна основа за донесување на соодветен акт за заштита.

Со Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Службен весник на РМ"бр.75/2010) одредбата од членот 25 директно упатува на потребата од донесување на предложениот закон.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни дополнителни информации

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Потребна е само Иницијална анализа на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Формирана е меѓуресорска работна група од претставници на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите се започнати.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 24.01.2011 година

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Вработени во Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство.

Не се потребни дополнителни финансиски средства.